A-PDF Image To PDF Demo. Purchase from www.A-PDF.com to remove the watermark

ОПШТИНА ЗРНОВЦИ
Зрновци

| Примено: 27.01 2022 | | | |
|---|---|---|---|
| Орг. Един. | Број: | Прилог: | Вредност: |
| 09 | 8/11 | | |

РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
ОПШТИНА ЗРНОВЦИ

**Врз основа на член 18 став 1 од Законот за младинско учество и младински политики („Службен весник на Република Северна Македонија“ број 10/2020) ) и членот 18 од Статутот на Општина Зрновци („Службен гласник на Општина Зрновци“ 51/2021), Локалното собрание на млади формирано со Решение заведено под архивски број 09-24/1 од 10.01.2022 година и Градоначалникот на Општина Зрновци, на ден 27.01.2022 година распишуваат**

**ЈАВЕН ПОВИК**
**за членови на Локален младински совет на Општина Зрновци**

(1) Градоначалникот на Општина Зрновци со Собранието на млади при Општина Зрновци формирано со Решение заведено под архивски број 09-24/1 од 10.01.2022 година, распишуваат Јавен повик за членови на Локален младински совет на Општина Зрновци.

(2) Претставниците на Локалниот младински совет имаат право да:
- предлагаат точки на дневен ред на Советот на Општината,
- иницираат прашања за млади од делокругот на работата на Општината,
- иницираат, учествуваат и даваат повратни информации за процесот на локална младинска стратегија и други политики,
- доставуваат информации до Општината,
- вршат други советодавни и застапувачки работи во согласност со Законот за младинско учество и младински политики.

(3) Бројот на членови на Младинскиот совет е пет, кои имаат мандат од две години со право на уште еден избор

(4) Повикот е отворен за сите младински организации, организации за млади, политички подмладоци, ученички и студентски организации и други облици на младинско здружување кои ќе ги исполнат следните критериуми:

- Да имаат активности на територијата на Општина Зрновци.
- Да се основани и активни најмалку една година пред отворањето на овој повик.
- Номинираните членови да се жители на Општина Зрновци и да се на возраст од 15 до 29 години

(5) Сите заинтересирани организации кои ги исполнуваат критериумите потребно е да ги достават следните документи:
- Портфолио за работата на организацијата.
- Мотивациско писмо за учество во Локален младински совет, но не повеќе од 1 (една) страница.
- Годишен извештај за работата од претходната година со кој се потврдува дека организацијата била активна изминатата година со активности спроведени за или од млади во Општина Зрновци.
- Писмо со номинација за член и заменик член во Локалниот младински совет и контакт-информации.

(6) Пријавите за членство во Локалниот младински совет се поднесуваат електронски на e-mail адресата info@zrnovci.gov.mk ili blagojdanev@yahoo.com или до Архива на

Општина Зрновци, секој работен ден од 08ч до 16ч часот или по пошта на адреса: **Општина Зрновци, ул. „Илинденска“ бр.186,** со назнака „Апликација за членство во Локален младински совет“

(7) Рокот за пријавување е заклучно со 07.02.2022 година.

(8) ) Изборот на членови на Локалниот младински совет го врши Собранието на млади, по пат на непосредни избори со тајно гласање во кое право на глас имаат делегатите од Локалното собрание на млади. За избрани членови на Локалниот младински совет се сметаат оние кандидати кои освоиле најмногу гласови од страна на присутните делегати.

(9) За повеќе информации околку повикот може да се обратите на e-mail адресата blagojdanev@yahoo.com на телефонскиот број 078/401 969 кај административниот службеник Благој Данев.

**Собрание на млади**
**Претседавач**
**Илина Цветкова**

**ОПШТИНА ЗРНОВЦИ**
**Градоначалник**
**Борче Коцев**